Бр./Nr 12-1950/1

11-07-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3185/1 од 19.12.2024 година, во врска со сомневање за незаконски и нефер практики при работењето на комисија за полагање возачки испити во ----, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Предметот со број 12-3185/1 од 19.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 19.12.2024 година, поднесена е пријава за незаконски и нефер практики при работењето на комисија за полагање возачки испити во ---- и оформен е предмет број 12-3185/1 од 19.12.2024 година.

Во пријавата подносителот наведува дека Комисијата доаѓа од ---- и постапува селективно и непрофесионално при оценувањето на кандидатите. Исто така, се наведува дека кандидатите при оценка на комисијата по неколку пати не го положувале испитот со цел истите да остваруваат финансиска корист.

Заради утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, беше разгледана законската регулатива, при што беше утврдено дека согласно член 252 став 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019, 302/2020, 122/2021 и 33/2024) (понатаму: ЗБСП), надзор над работата на испитен центар, во однос на исполнувањето на пропишаните услови за работа, начинот на спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач и водењето на евиденциите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерството за внатрешни работи.

Според член 253 став (1) од ЗБСП, во случај кога при вршењето на надзорот од членот 252 став (1) од истиот закон се утврди дека претседателот на комисијата, испитувачот по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и на испитувачот по наставна програма управување со возило (практичен дел) не го спровеле возачкиот испит на начин утврден со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ќе им ги одземе соодветните лиценци кои ги поседуваат.

Согласно пропишаното во член 252 и 253 од ЗБСП, Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија е надлежено за надзор над работата на испитните центри и одземање на лиценци на истите.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се доставaт до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut